**Известување за концентрацијасо која KKCG Technologies s.r.o., Praha Чешка, ќе стекне контрола над Clearcode Services S.A., Wroclaw, Полска (предмет бр. 08-117/2021)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 08.11.2021 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнување на самостојна контрола од страна на друштвото **KKCG Technologies s.r.o.,** со седиште Evropska 866/71, Vokovice, 160 00 Praha 6, Република Чешка, преку 100% зависно друштво, или **преку друго зависно друштво на ККЦГ Групацијата**, над **Clearcode Services S.A.,** со седиште на Sw. Antoniego 2/4,50-073 Wroclav, Полска.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ККЦГ Групацијата во** нвестира во различни делови области, вклучувајќи лотарии и игри на среќа, нафта и гас, недвижности, индустрии и паметни технологии. Групацијата менаџира со повќе од 30 компании во 18 држави на светот.

Во Република Северна Македонија, ККЦГ Групацијата е присутна на пазарот за работење со терминали за видео лотарија преку следните друштва:

- Друштвото за приредување на игри на среќа КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје,
- Друштво за приредување за игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје,
- Друштво за информатичка технологија СЕАВУС ДООЕЛ Скопје, и
- Друштво за едукација СЕАВУС ЕДУКАТИВЕН И РАЗВОЕН ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје.

**Clearcode Services S.A.,** е друштво кои се занимава со развој на софтвер за клиенти за технолошки компании во развој на Adtech I MarTech. Тимот на целосна услуга на Clearcode дизајнира и гради РТБ, програмски, менаџирање со податоци и аналитички платформи.

Подносителот смета дека како релевантен пазар би можел да се дефинира како пазар на услуги од информатичка технологија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

12.11.2021 година
Скопје